# Домот треба да е безбеден

Пловиме низ Медитеранот,огромниот брод ја двои водата, си отвора пат, бара копно. Зарем не е сечиј живот една таква пловидба? И Одисеј и Енеј го барале својот дом, исто како мене и тебе. Но, дали домот е само локација? Пред да те запознаам бев убедена во тоа. Дом за мене беше куќата на мајка ми и татко ми. Балконите со цвеќиња, белата влезна врата, дворот во кој стоеше мојот велосипед и клупата на која седевме со баба ми, мирисаше на готвени јадења и секогаш внатре беше топло. Домот ми беше свежо варосан во бело, ѕидовите беа чисти и внатре се чувствував заштитено, безбедно, баш како дома. Верував дека секој има такво место, не знаев дека може да биде одземен, дека ѕидовите можат да се срушат, дека некој може да им наштети на цвеќињата на мојата мајка. Не бев свесна колку лесно мирисот на пита, кисело млеко и колачи може да го заменат мирисите на барут, прашина и убиени соништа. Тоа го научив подоцна, за моја огромна среќа од книгите и филмовите, но некој тоа го живее: баш во овој миг, некој го губи својот дом.

Откако те запознав домот се измени, веќе не беше куќа со четири ѕида, туку еден пар очи, една насмевка и навидум обичен човек, кој за мене секој ден малку по малку стануваше дом. Во тебе ги пронаоѓав сите јадења на мојата мајка, сите спомени со мојата баба и сето она кое тие ми го посакувале беше концентрирано во твојата прегратка. Сите нивни молитви беа ислушани во мигот кога ти излезе на мојот пат. И сега се прашувам што би правела ако некој ми го одземе и овој дом. Иако до пред малку ти шепотев колку мир ми носи песната на брановите, сепак еден дел од моето срце е во грч и моите мисли стануваат сè потемни и потемни кога ќе се сетам на тоа што сè одзело ова море. Ми велиш дека зборувам глупости и дека мојот страв е неоправдан, велиш нашиот брод е безбеден.

-А, што е со другите?

„Ладно е, да влеземе внатре" ме влечеш за рака и ја напуштаме палубата.

Се сеќавам на мигот кога прв пат го допрев морето. Треперев целата и брзав да ја вкусам водата. Не им верував кога ми велеа дека е солена. Истрчав плачејќи кај татко ми, а тој целиот насмеан, го отвори фрижидерчето кое го носевме и ми подаде сладолед за да ме смири. За миг заборавив на сета сол во морето. Историјата се повторува. На светот ништо ново нема да му се случи. Сите ние сме мали деца кои го гледаат само чоколадниот сладолед пред себе, додека зад нашиот грб се случуваат приказни од кои нашите деца ќе се ужаснуваат.

Немав храброст ова да ти го кажам, затоа молчам.

Секое патување низ светот е всушност откривање на самиот себе, проширување на личноста во сите правци, така растеме и ние и нашата љубов за светот. И самиот знаеш колку љубовта може да те промени. „Колку љубов е потребна за да го излечиме светот?"

-Нашата е доволна за минимум три.

Се шегуваш со мојата сериозност додека одиме низ непознатите градови во обид подобро да се запознаеме себе.

Лесно е да се сака светот кога е розов, исто како што тебе ти е лесно да ме сакаш кога сум среќна. На пример во миговите додека јадам сладолед некаде низ тесните улички на градовите кои ги откривавме заедно или додека лежам покрај морето на сонце, со коктел во рака и блажена насмевка на лицето, приказните кои им ги раскажуваме на другите се такви и тие ги купуваат, веруваат во нашата лажна совршеност. Но, јас и ти знаеме што е вистината.

„Што мислиш, дали вреди да се има дете во ваков свет?" Одбегнуваш да одговориш на ова прашање. Бараш изговори за светот, за нас, за човештвото. „Ако сите размислуваат толку длабоко, нашиот вид ќе изумре" .

И ти знаеш дека не е така, ама не се откажуваш од намерата да ме убедиш дека светот не е толку лошо место за живеење, се обидуваш и мене да ми ја продадеш приказната која јас им ја продавам на другите. Иако не е розов, ние учиме да го сакаме овој свет и тоа на моја огромна радост го правиме заедно. Надежта дека ќе го излечиме стои тука и расте со секој добар и хуман човек кој го среќаваме, да не зборувам како секојдневно се намалува со сите лоши луѓе кои владеат со овој свет.

Патуваме за да дознаеме, да помогнеме каде што можеме, да ја видиме вистината и да застанеме пред неа. Се обидуваш да ги отвориш очите, да прогледаш и сфаќаш дека тоа не е безболно, но зарем животот во лага е лишен од болки? А после секое патување само се зголемува бројот на прашања, се копнее по слободата и се сонува за свет без граници, свет низ кој движењето од едно до друго место ќе има помал отпор.

Кога се вративме, брзав да се видам со моите, седам на трпезаријата во домот во кој израснав. Мајка ми ја принесува питата и ме прашува како сме поминале. Јас раскажувам за сите новооткриени култури, народи, обичаи, за храната која е неспоредливо полоша од питата која штотуку ја пробувам, а го има вкусот на цело едно детство, ѝ покажувам фотографии од згради, плажи, ресторани, музеи, паркови, пазари, луѓе... А во главата ми се врти само една мисла, дека можеби ова е смислата на секое патување: да имаш каде да се вратиш и кој да те пречека. Нема ништо поубаво на светот од тоа да ги искусиш сите негови бои, мириси и вкусови но да не се плашиш за своите. И додека на мајка ми ѝ кажувам дека ќе стане баба, за нашето дете замислувам свет во кој нема да е привилегија безбедното враќање дома.

Можеш да го замислиш и ти?

***

Ветерот ја бушави мојата седа коса, а јас го вдишувам морето и пак му се радувам како да е прв пат. Годините многу нешта изменија, но љубовта кон Медитеранот остана. Всушност само љубовта ми остана, таа која сега ја споделувам со внуците и децата кои трчаат на плажата пред мене додека јас уживам во ладната лимонада и пријатната сенка. Тебе те нема да кажеш некоја шега, да ме искараш дека сум станала сериозна и патетична баба без смисла

за хумор. И навистина станав сериозна и патетична кога ти замина. Немој да се грижиш, сите сме добри. Нашата ќерка има уште едно дете, повторно станав баба, а синот наскоро ќе прави свадба. Тажен е дека нема да си тука да прославиме сите заедно. Неговата девојка е прекрасна. Знаеш ли нејзиното семејство конечно се врати во својата земја и сега свадбата ќе ја правиме таму? Во последниве години светот многу се измени, сите војни завршија и сега секој може слободно да се врати дома. Јас се навраќам на нашето патување по Медитеранот пред многу години, копнеам по нашата младост, по нашата љубов, но не и по стравовите од тоа време. Блгодарна сум што основавме семејство заедно, што ти ми ја држеше раката додека патувавме низ светот.

„Бабо, бабо ајде да одиме дома!" – ме сепна гласот на малиот Енеј.

-Душичке ние веќе сме дома.

„Е како сме дома, гледаш дека сме надвор."

-Сето ова е наш дом.

„Мамо, Енеј побрзајте! Наскоро ќе има бура, да си одиме."

Станав, го зедов внукот за рака и фрлив последен поглед кон морето.

*Веќе не ме плашат твоите бури, сите бродови се сега безбедни и сите деца се дома на сигурно.*